МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 9 став 5 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ПРИЈАВАТА КАКО И НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА ЗА ПРОИЗВОДСТВОТО, ПОВРШИНИТЕ, ТИПОВИТЕ ТУТУН И ОЧЕКУВАНОТО ПРОИЗВОДСТВО НА НЕОБРАБОТЕНИОТ ТУТУН

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на образецот на пријавата како и начинот на доставување на пријавата за производството, површините, типовите тутун и очекуваното производство на необработениот тутун.

**Член 2**

Пријавата за производството, површините, типовите тутун и очекуваното производство на необработениот тутун се поднесува на образец на хартија во бела боја во А4 формат.

Формата и содржината на образецот на пријавата за производството, површините, типовите тутун и очекуваното производство на необработениот тутун се дадени во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

**Член 3**

Пријавата за производството, површините, типовите тутун и очекуваното производство на необработениот тутун се доставува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство најдоцна до 30 јуни во тековната година.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр.29-6725/3
6 септември 2019 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
**Трајан Димковски,** с.р.

Прилог

Назив на правно лице________________________

## П Р И Ј А В А

**за производство, површини, типови тутун и очекуваното производство на необработениот тутун за реколта ______ година**

| Ред. Бр. | КО | КП | Место викано | Тип на тутун | Површина во $m^2$ | Очекувано производство на необработениот тутун во kg |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |
| | | | | | | |

**Датум: ____________**

**потпис на одговорно лице во правното лице**

______________________

**М.П.***

***Печат не ставаат трговските друштва согласно Законот за трговски друштва**